РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА
ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
11-5914/2
26.07.2007
Скопје

До:Лиа МАЊАГУАЊО Офицер за проекти-оддел за градење на доверба
Предмет:Согласност за поддршка на проектот
„ **Конференции за младинско лидерство Победи го непознатото-запознај ги другите„**

Почитуван г-дин Мањагуањо,

Ве известуваме дека Министрството за образование и наука го разгледа вашето барање бр.11-5914/1 од 26.07.2007 година за поддршка на проектот „**Конференции за младинско лидерство 2008 Победи го непознатото-запознај ги другите„** поднесен од Центарот за менаџмент за конфликти и ОБСЕ наблудувачката мисија во Скопје, кој ќе се имплементира во средните училишта во Тетово, Куманово, Струга и Скопје.Во оваа серија,училиштата од Гостивар ќе бидат инволвирани во проектот.

Проектот ќе се реализира од 1ви август 2007 и ќе заврши на 30 март 2008 година и предвидува:

- Одржување на пет конференции
- Продолжителни активности во 2008 година

Проектните активности ќе придонесат за зацврстување на праксите на активното граѓанство, јакнење на младинското лидерство, преку мултикултуларизмот, комуницирањето и решавањето на конфликти за една мултиетничка полово еднаква целна група на ученици, од средните училишта.

Министерството за образование и наука потврдува дека ја поддржува реализацијата на проектот и активно ќе учествува во контактирање , интервјуирање и селектирање на учениците како и непречено одвивање на проектните активности се до завршување на проектот.

Ја изразувам мојата почит и благодарност до Вас лично, Центарот за менаџмент на конфликти и ОБСЕ , за досегашната и идна поддршка на образованието во Република Македонија, преку реализацијата на активностите во постконфликтните подрачја во замјата.

Со почит,

Раководител на сектор

Љупчо СПАСОВСКИ

Шеф на кабинет

Феузи ЏАФЕРИ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
СКОПЈЕ